Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје
Примено: 02.04.2018
Организациона единица | Број 128 0306 | Прилог | Вредност

02.04.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 март 2018 година, врз основа на примена жалба од Ленче Коцевска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Прилогот на ТВ 24 не отстапува од професионалните
и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 12 март 2018 година, Ленче Коцевска поднесе жалба за прилогот насловен „Скопјанка обвинува дека посвоеното дете и било одземено зошто не сакала да даде мито", објавен на 12 март 2018 година, на Телевизија 24 (www.24vesti.mk).

Во жалбата се наведува дека прилогот содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето и незастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија 24 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на Телевизија 24, Младен Чадиковски, одговори на наводите на жалителот.

Чадиковски ја отфрла жалбата како целосно неоснована и смета дека во прилогот се испочитувани сите новинарски стандарди.

Според него, во прилогот се работи за државен службеник, чии дејствија според соговорникот на авторот имале влијание врз судбината на децата штитеници, како и врз лицата кои сакаат да станат родители по пат на посвојување. Тој смета дека објавувањето на нејзиното име (изговорено од страна на соговорникот, а не од авторот на текстот) има за цел да ги разбуди институциите, кои, како што наведува, не само што молчеле, туку и учествувале во таквите дејствија.

„*Фактот дека новинарот направил се' што е во негова моќ да стапи во контакт со посочената државна службеничка докажува дека не станува збор за пристрасно објавување информации. Коцевска се јави дури откако беше објавен прилогот и по бројните навреди и закани испрати демант, кој нашата телевизија коректно го пренесе во целост со сите наредни информативни изданија*", наведуваат од ТВ 24 во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека во прилогот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 март 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, заклучија дека прилогот произлегува од јавниот интерес и дека поради тоа административните службеници претставуваат легитимна новинарска цел и не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Авторот обработува актуелна и чувствителна тема и во прилогот земени се повеќе значајни аспекти на темата за која се говори.

Комисијата во разгледувањето на претставката најмногу се задржа на фактот дали новинарот требало да се воздржи од објавување имиња за да ја заштити приватноста на службеничката. Но, сепак, по долга и полемична дебата, утврди дека во дадениов случај јавниот интерес надвладеал над правото на личноста да ја зачува својата приватност.

Во овој контекст, Комисијата го зеде предвид и делот од членот 8 од Кодексот на новинари, кој вели дека правото на јавноста да знае мора секогаш да се процени во однос на правото на личноста да ја зачува својата приватност. Во истиот член, се наведува дека објавувањето имиња, сепак, може да е оправдано, ако тоа е во интерес на решавање на кривично дело.

Меѓу другото, според член 1 од Кодексот на новинарите, новинарот може да објави нешто за кое што нема доволно докази, а за кое има доволно индикатори дека е вистина, односно нешто за што постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи, кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да имаме конкретен доказ за вистинитоста.

При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и евидентните напори на медиумот да стапи во контакт со службеничката, која е жалител во случајов и со тоа да им даде можност на сите засегнати да го кажат својот став. Членовите на Комисијата утврдија дека прилогот е вест во низа и дека бил подготвуван од поодамна, за што говори фактот дека од ТВ 24 уште пред пет месеци и испратиле на жалителката Коцевска барање за одговор по електронска пошта.

Понатаму, Комисијата најде дека медиумот објавил и демант во разумна должина и пристојна форма, со што покажал чувство на морална одговорност и го заштитил својот интегритет, но и интегритетот на новинарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува Телевизија 24 (www.24vesti.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595